**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

Бр. **20-505/25**
**Скопје, 09.05.2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од седница на ЦИК одржана на ден 05.05.2023 година**

Седницата ја отвори претседателот на Комисијата, д-р Ненад Цветановски, кој евидентираше присуство на сите членови на Комисијата и тоа: д-р Костадин Митев, д-р Милан Нацевски, д-р Ридван Алили и д-р Ибела Факиќ.

Седницата започна во 17:00 часот, а откако утврди кворум за работа, претседателот на ЦИК, д-р Цветановски, го предложи следниот дневен ред:

1. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 23.04.2023 година;
2. Разгледување и одлучување по доставени материјали од одржани избори на ден 04.05.2023 г. во сите Регионални одбори;
3. Разно.

Предлог-дневниот ред беше едногласно усвоен од присутните, без измени и дополнувања.

**1. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 23.04.2023 година;**

Записникот од претходната седница на ЦИК, одржана на ден 23.04.2023 г., едногласно беше усвоен, без забелешки од сите членови на Комисијата.

2. **Разгледување и одлучување по доставени материјали од одржани ИЗБОРИ на ден 04.05.2023 г. во сите Регионални одбори**

Целокупниот гласачки материјал (гласачки кутии, избирачки списоци, гласачки ливчиња, записници од РИК) од одржаните **избори** во сите 22 (дваесет и два) Регионални одбори е вратен во архивата на Комората и сите документи се заведени со соодветен архивски број.

Комисијата констатираше дека изборниот ден во сите Регионални одбори поминал мирно, а во доставените Записници од РИК нема најави за поднесување на приговор поради неправилности во ниту еден Регионален одбор, ниту пак е доставен приговор. Во записниците од мал број Регионални одбори се констатирани забелешки дека на денот на одржување на гласањето во избирачките места се јавиле доктори кои сакале да гласаат, но не биле запишани во избирачкиот список за соодветниот регион.

Членовите на ЦИК констатираа дека согласно ч*лен 20 став 3 од Правилникот за избори,* во периодот од триесет дена по распишување на изборите, ЦИК го ставила на јавен увид избирачкиот список, со цел секој член на Комората да изврши увид во избирачкиот список и доколку има разлика или промена во податоците или не се запишани во избирачкиот список, а има право на глас, членот на Комората бил должен да изврши промена односно ажурирање на податоците преку мобилната апликација на Комората и за истото Стручната служба на Комората ја известува ЦИК.

Согласно доставените Записници од сите Регионални изборни комисии и Избирачките одбори и пребројувањето на гласачките ливчиња, членовите на Централната изборна комисија со посебен Записник ги утврдија резултатите од гласањето за избор на членови на Регионални одбори и делегати во Собранието на Комората. При утврдување на составот на Регионалните одбори, се постапи согласно одредбите на пречистениот текст на Статутот на Комората (Службен весник на РСМ бр. 46/2023) и одредбите на Правилникот за избори бр. 02-302/6.

По изготвување Решенија за утврдување на состав на секој Регионален одбор, истите ќе се доставаат до сите членови на соодветниот Регионален одбор, а резултатите од гласањето ќе се објават на веб-страната на Комората.

**4. Разно**

По оваа точна немаше предлози за дискусија.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, претседателот на ЦИК, д-р Цветановски, ја затвори седницата во 19:30 часот.

Следната седница на Централната изборна комисија се закажува за ден 09.05.2023 г. (вторник) во 08:00 часот.

Записничар, ________

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Централната изборна комисија
Претседател,
**д-р Ненад Цветановски**

М.П. ____________________